На својата Седница, Управниот Одбор ја донесе Одлуката за Усвојување на Извештај за спроведена адаптација на психолошкиот тест Тест на Поврзување на Точки (ТПТ-мк) - верзија за детска популација во Република Македонија, со архивски бр: 0202-124/01, од 25.03.2024;
по што донесе и нова Одлука за впишување на психолошкиот тест на личност во Пописот на посебно заштитени психолошки тестови во Р. Македонија со архивски бр: 0202-125/01, од 25.03.2024.

Следат информациите за тестот:

## ОПИС НА ТЕСТОТ

**Вид на тестот**: Тест за Поврзување на Точки (ТПТмк)
**Категорија**: Ц (C во латинично писмо)
**Главна примена**: Проценка на определени когнитивни домени (вниманието, концентрација, помнење, работна меморија, фокус, брзина на реакција, визуопросторна ориентација, развој на фина моторика, егзекутивни функции).
**Вид на мерка**: Објективен тест
Таргет популација на македонската верзија: Деца на возраст од 8 до 15 години
**Начин на задавање на тестот**: Контролирано задавање во присуство на психолог и квалификуван администратор.
Задавање во хартиена форма (хартија - молив): контролирано задавање од страна на квалификувано професионално лице за задавање психолошки тестови.
**Приказ на резултати за корисникот**: Графички приказ во форма на профил (графикон) кој ќе се добива преку компјутерска трансформација на сировите скорови во Т скорови. Влез за компјутерска обработка ќе биде одобрен само со корисничко име и лозинка
Податоците се трансформираат на Т-скала (каде M=50 а SD=10)
Наративен приказ на резултатите - краток приказ, лесно разбирлив и прилагоден на корисниците.

Автор на адаптацијата на тестот на македонски јазик:
Проф. Д-р Слаѓана Анѓелкоска

Контакт:
Слаѓана Анѓелкоска - 078/263-078; slaganaangelkoska@gmail.com